**20200791260**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30  став 1, алинеја 1 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13 ,97/15, 129/15, 53/16 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 март 2020 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТРГОВИЈАТА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ

Член 1

Во Одлуката за посебни услови за  трговијата на одделни стоки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 71/20), во членот 1 ставот 2 се менува и гласи:

„Највисоката трговска маржа за стоките од ставот 1 на овој член, за  трговските друштва и трговците поединци кои учествуваат во трговскиот ланец во трговијата на големо  се утврдува во вкупен износ до 10% , односно до 15% во трговијата на мало.”

Член 2

Во членот 2 зборовите „ќе се применуваат до 30 април 2020 година” се заменуваат  со зборовите „ќе важи до завршувањето на траењето на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија.”.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2525/1
25 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.